# DIVORCE OF A MARRIAGE IN A MODERN SOCIETY

**Kaltrina Zekolli Shaqiri**
‘’Mother Teresa” University, Skopje, Republic of N. Macedonia, kaltrina.zekolli@unt.edu.mk
**Emrije Zuberi**
Higher Administrative Court, Skopje, Republic of N. Macedonia, emrijezuberi@gmail.com

**Abstract**: Divorce is widespread in today's society, with at least fifty percent of marriages ending in divorce. Over time, society has learned to adapt and reconstruct family life and its functioning. Child rearing is no longer the only factor contributing to the success of a society, and other institutions have now begun to play a bigger role. In modern society, more emphasis is placed on others, such as education, which determines the achievements of the individual which in turn influence the success of a society. However, divorce is still considered taboo because it has negative terms associated with it. The home that went through the divorce process is known as the "broken" home. Despite this negative outlook, more than half of marriages end in divorce. If analyzed from a historical point of view, the reasons for divorce change from time to time. As a matter of fact, from that point of view, the overall development of society at different times, and we can also conclude that the relations within the family and between the two spouses are progressively changing. This phenomenon begins with the marriage itself as a moral, social and legal act and as a natural process, bearing in mind the fact that everything that is born will one day die and that everything that is created in a single time will one day dissolve. The reasons for the birth of the first marriage and the institution of divorce are numerous and varied in nature, ranging from those that are personal and moral-emotional, to the specific socio-cultural development of individuals or different ethnic groups, to other interests. which are numerous and often complicated. Historically, and based on other data, it appears that, depending on the countries themselves and the different civilizations, as well as the different time periods, the reasons for divorce are different; they are often very banal, ranging from occasional resentment, often to a man to a woman, some carelessness in the household, or some word utterly insulting male pride, to other reasons that are closely linked to moral code to some ethnic community or to some civilization. However, and regardless of the circumstances, the most severe consequences, often with severe consequences for their further emotional and psychological development, will be born by the children throughout their lives. With this acceptance, individuals may not perceive divorce as a threat to society because it alters social norms within a culture, as the negative effects are not solely caused by divorce, believing that there are other contributing factors.
**Keywords:** divorce, society, causes, marriage

# СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО И РАЗВОДОТ НА БРАКОТ

**Калтрина Зеколи Шаќири**
Универзитет ,,Мајка Тереза,, Скопје, Република С. Македонија, kaltrina.zekolli@unt.edu.mk
**Емрије Зубери**
Виш Управен Суд , Скопје, Република С. Македонија, emrijezuberi@gmail.com

**Резиме:** Разводот е распространета појава во рамките на денешното општество, со најмалку педесет проценти од браковите кои завршуваат со развод. Со текот на времето, општеството научи да се прилагоди и да го реконструира семејниот живот и неговото функционирање. Одгледувањето на детето повеќе не е единствениот фактор што придонесува за успехот на едно општество, сега и другите институции почнаа да играат поголема улога. Во современото општество повеќе акцент е ставен на друго место, како на пример образованието, кое ги одредува достигнувањата на поединецот што, пак, влијае врз успехот на едно општество. Сепак, разводот сè уште се смета за табу, бидејќи има негативни термини поврзани со него. Домот кој поминал низ процесот на развод е познат како „скршен“ дом. И покрај овој негативен поглед, повеќе од половина од браковите завршуваат со развод.  Доколку се анализира од историски аспект, причините за развод на бракот одвреме-навреме се менуваат. Впрочем, гледано од тој аспект, севкупниот развој на општеството во различни временски периоди, а може да констатираме и односите во самото семејството, а и меѓу двајцата сопружници прогресивно се менуваат. Ваквата појава започнува со самото венчавање како морален, социјален и законски акт и како природен процес, имајќи го предвид фактот што сè што се раѓа, еден ден и ќе умре и дека сè што во еден временски период се создава, еден ден ќе се распаѓа.

Причините поради кои веднаш по појавувањето на првите брачни заедници се создала и институцијата развод се многубројни и од различна природа, почнувајќи од оние кои се лични и морално-емоционални, потоа специфичниот социокултурен развој на личноста или на различните етнички групи, па сè до другите интереси кои се многубројни и честопати комплицирани.Историски гледано и базирајќи се и на други податоци произлегува дека, во зависност од самите земји и од различните цивилизации, како и од различните временски периоди, причините за развод на брак се различни; тие честопати се многу банални, почнувајќи од некое случајно незадоволство, најчесто на мажот кон жената, некое невнимание во домаќинството или, пак, поради некој изречен збор, со што била навредена машката гордост, па сè до други причини кои тесно се поврзани со моралниот код на некоја етничка заедница или, пак, на некоја цивилизација. Како и да е, а и без разлика на околностите, најтешките последици, многу често и со тешки последици по нивниот понатамошен емоционален и психолошки развој, ќе ги сносат децата во текот на целиот нивен понатамошен живот. Со ова прифаќање, поединците можат да не го согледаат разводот како закана за општеството, поради фактот што ги менува општествените норми во рамките на една култура, бидејќи негативните ефекти не се исклучиво предизвикани од разводот, верувајќи дека постојат и други фактори кои придонесуваат до тоа.
**Клучни зборови:** развод, општество, причини, брак

**1.ВОВЕД**

Доколку се анализира од историски аспект, причините за развод на бракот одвреме-навреме се менуваат. Впрочем, гледано од тој аспект, севкупниот развој на општеството во различни временски периоди, а може да констатираме и односите во самото семејството, а и меѓу двајцата сопружници прогресивно се менуваат. Ваквата појава започнува со самото венчавање како морален, социјален и законски акт и како природен процес, имајќи го предвид фактот што сè што се раѓа, еден ден и ќе умре и дека сè што во еден временски период се создава, еден ден ќе се распаѓа. Причините поради кои веднаш по појавувањето на првите брачни заедници се создала и институцијата развод се многубројни и од различна природа, почнувајќи од оние кои се лични и морално-емоционални, потоа специфичниот социокултурен развој на личноста или на различните етнички групи, па сè до другите интереси кои се многубројни и честопати комплицирани.

Историски гледано и базирајќи се и на други податоци произлегува дека, во зависност од самите земји и од различните цивилизации, како и од различните временски периоди, причините за развод на брак се различни; тие честопати се многу банални, почнувајќи од некое случајно незадоволство, најчесто на мажот кон жената, некое невнимание во домаќинството или, пак, поради некој изречен збор, со што била навредена машката гордост, па сè до други причини кои тесно се поврзани со моралниот код на некоја етничка заедница или, пак, на некоја цивилизација.[177] Ваквите појави датираат од многу порано, што не значи дека во некои земји и кај некои народи сè уште не се изразуваат во различни облици и на различни начини, во зависност од средината и од културолошкиот и севкупен развој, сепак, низ времето се изменети и добиле една друга, поинаква, и посуптилна форма, контролирана и надгледувана и со помош на законски решенија и со други институционални норми кои ги санкционираат овие процеси и појави (Elder, 1994), со акцент на времето и времетраењето на настаните. Вклучува и фактори како што се возраста во бракот, времетраењето на бракот и присуството на деца. Во однос на возраста во бракот, поединци кои се омажиле/оженилe на помлада возраст имаат тенденција да пријавуваат повеќе брачни проблеми и според искуството поголем ризик за развод на бракот отколку поединци кои стапиле во брак на постари години.[178] Негативните последици од брак склучен во рана возраст може да се должат на психолошка незрелост и нестабилното работно место.[179]

Според дефиницијата, самиот чин на развод е резултат на еден неуспешен брак. Како последица на тоа, произлегува дека со самиот чин на развод на брак многу работи и односи кои не функционирале како што треба во текот на бракот ќе се средат. Меѓутоа, ваквата перцепција се чини дека површно е анализирана. До ваквата констатација доаѓаме поради тоа што со чинот на развод на бракот излегуваат на површина и многу други придружни појави и последици кои може да имаат негативно влијание кај еден од сопружниците, во зависност од околностите кои ќе следуваат. Како и да е, а и без разлика на околностите, најтешките

[177] Baron, Beth. "The Making and Breaking of Marital Bonds in Modern Egypt." Women in Middle Eastern History. Shifting Boundaries in Sex and Gender (1991)
[178] Bumpass et al., 1991, преземено од Мицковиќ, ибид
[179] Winch, R.E., The modern family, Holt, Rinhart and Winston, Inc, New York, 1963

последици, многу често и со тешки последици по нивниот понатамошен емоционален и психолошки развој, ќе ги сносат децата во текот на целиот нивен понатамошен живот.[180]

Во текот на понатамошниот севкупен социолошки и политички развој, развојот на новите технологии и порастот на животниот стандард, доаѓа до редефинирање на односите во општеството и во менталитетот на луѓето, до потребата на образованието и поинтензивно вклучување на општествените процеси, до олеснување на комуникациите меѓу луѓето, благодарение на новите информатички технологии, побрзиот индустриски и економски развој и друго. Овие случувања и промени влијаеле и врз појавуваата на други, нови појави кои доведоа до миграцијата од една земја во друга, процес кој доведе до мешањето на разните култури и цивилизации и до влијанието на самиот начин и стил на живеење на популацијата која ги трпи таквите странични влијанија. Така, причините за развод на брак, иако се од поинтимна природа меѓу двајцата сопружници, освен од емоционални и сосема морални фактори, ќе бидат под влијание и на други надворешни, странични, но не помалку важни фактори и влијанија, како што се економски, социјални, културни, образовни, верски и други, кои сè повеќе, а не ретко ќе станат доминантни во одредени средини,.

Не само факторот време е индикатор на зголемувањето, односно на намалувањето на бројот на разводи на брак. Иако добро се знае дека според статистиките, со самиот развој на општеството и бројот на разводи на брак се зголемува, сепак, овој фактор е важен исто колку и другите показатели кои научниците ги посочиле и ги установиле како доста значајни, релевантни и влијателни за понатамошниот развој или, пак, за застојот на процесите на развод на брак како појава, овојпат, меѓу другото, и во зависност од една до друга земја како и од една до друга цивилизација. Тоа е поради фактот дека не може да се настојува секогаш степенот на разводи на брак во европските земји да биде подеднаков со оние во афричките или азиските земји. Или, пак, бројот на разводите на брак во некои поразвиени земји, со повисок стандард на живеење и со подолготрајно етаблирање на образовни и културни институции, да биде подеднаков со бројот на разводи во земјите во развој или во оние кои се рангирани како сиромашни.

Семејството во кое еден брачен пар се разведува мора да помине низ дополнителни фази на животниот циклус на семејството за да може повторно да се стабилизира и да продолжи со развојот. Бројните студии покажуваат дека во споредба со лицата во брак, разведените лица имаат тенденција да имаат повеќе економски тешкотии, повисоки нивоа на сиромаштија, пониски нивоа на психолошка благосостојба, помалку среќа, повеќе здравствени проблеми и поголем ризик од смртност.[181]

Истражувачите на разводот ги утврдија фазите на тој процес и ги опишаа следниве фази на разводот:

1. забавување и брак,
2. несогласувања, сепарација и развод,
3. еднородителско живеење (*single parent living*),
4. ресоцијализацијата, повторен брак.[182]

Karter и Mc Goldrick ги опишале фазите на разводот:

1. одлука за развод,
2. планирање на прекинот на брачниот систем,
3. сепарација и развод,
4. постразводно семејство (кое подразбира еднородителско семејство со дете и родител без дете).

Членовите на семејството во разводот поминуваат низ стрес, дезорганизација и реактивните чувства произлезени од прекинот и потоа обликуваат урамнотежени обрасци на живеење.

Главни се 3 стадиума во процесот на разводот:

1. предразводен период,
2. период на спорење, парничарење во текот на разводот,

---

[180] Разводот стана таква честа ситуација во рамките на општеството, што ефектите веќе не се толку драстични колку што некогаш беа. За време на развод, ако ги има, главна грижа е благосостојбата на децата. Пред да стане разводот таков заеднички фактор, разводот негативно влијае врз животот на детето. Денес, ова повеќе не е случај, бидејќи општеството научи како да комуницира и да ги вклучи разведените семејства. Исто така, општеството не е исто погодено од разводот, бидејќи придонесува за дефинирање на посветеноста на двојката. Општеството научи како да се справи со влијанието што разводот може да го има врз општествените структури. Во суштина, разводот не е закана поради фактот што општеството смета дека тоа е опција.

[181] Амато (2001), Китсон (1992) и Waite and Gallagher (2000)

[182] Развод, еднородителско семејство, повторен брак, преземено од разговорите спроведени со стручни лица во Министерството за труд и социјална политика (спроведено на 5.3.2018). Исто види: www.mtsp.gov.mk

3. постразводен неурамнотежувачки период.

Може да се наведат три фази на процесот на разводот и специфични задачи за тие фази:

**Фазата на одлука за развод** ги опфаќа следниве задачи:

1. Прифаќање на реалноста дека сепарацијата е започната и дека разводот е можен, без оглед на тоа чија е одлуката за барање на разводот.
2. Соочување со почетни емоционални и психолошки реакции.
3. Правење план за идни активности околу разводот.[183]

Разводот е тежок и сложен процес и можат да се опишат **6 нивоа на разводот:** емоционален, психички, родителски, легално-законски, економски и општествен развод. Секое од овие нивоа бара различен вид стручна помош: медијација, преку терапија на разводот, родителска терапија и др.

Процесот на транзиција кон повторен брак подразбира борба со стравовите во поглед на инвестирањето во новиот брак и новото семејство; соочување со непријателскиот став на децата, проширеното семејство и бившиот сопружник, амбиваленција околу структура на новото семејство, улогите и односите во него, повторно будење на интензивната родителска вина и грижа за добробит на децата[184], повторно будење на старата поврзаност за бившиот сопружник (негативна или позитивна).[185]

Бракот во текот на развојот на општеството опстојувал и се справувал со повеќето предизвици како што се: политички, економски, културни и слично. Сите овие предизвици се однесувале како еден вид тест, поточно испитување на брачната приспособливост, низ повеќето кризни периоди во историјата на цивилизацијата и човештвото. Постојаните трансформации низ кои поминува општеството денес предизвикуваат и трансформација на самиот брак кој постепено се менува и својата улога ја приспособува на општествените барања и потреби.

Промените во бракот и во семејството се составен дел од промените во општеството, од промената на моралните, религиозните, етичките и правните вредности и норми. [186]

Наглите случувања на полето на технологијата, индустријата, науката директно се одразувале на општеството во целина, предизвикувајќи притоа промени во идеологијата за семејните вредности.

Семејството, и во современото општество, и во минатото, се покажува како исклучително одлучувачки фактор на човековото лично задоволство, оствареноста и среќата се тесно поврзани со среќната состојба во брачната и семејната заедница. Но бракот асоцира и на тешкотии бидејќи денес повеќе не е јасно што претставува бракот, а постепено се губат неговата вредност и улогата во животот на поединецот и на општеството во целина. Бракот во современото општество веројатно спаѓа во институциите кои во последниве векови трпеле најголеми и најдлабоки промени, а со тоа започнува и да се негира вистината дека бракот претставува заедница меѓу маж и жена.

Бројот на фактори кои имаат влијание врз разводот на брак во современото општество е многу голем.

Очекувањата од денешниот брак се многу поголеми отколку порано и поради тоа денес е многу потешко да се реализира успешна брачна врска. Денес во бракот треба да се задоволат љубовта, сексуалниот нагон, практичната организација на секојдневниот живот, материјалните потреби на семејството, како и да се обезбеди хармоничен развој на децата. Поради ова, кога се говори за стабилноста на бракот во современото општество и кога таа се споредува со состојбата од пред сто или двесте години, треба да се има предвид дека идеите за тоа што претставува успешен брак се менуваат заедно со промените во општеството. Бракот кој денес завршува со развод, порано можел да биде задоволителен.[187]

Во оваа смисла De Singley истакнува дека во денешно време „среќното семејство“ веќе не е во мода, важно е да е среќен поединецот. „Јас“ има поголемо значење од „ние“.[188]

---

[183] Ибид.

[184] Децата веќе не се погодени затоа што разводот повеќе не е ретка појава. Општеството научи како да се справи со новите семејни структури кои се формираат поради разводот. Затоа, како резултат на тоа, поврзаните негативни ефекти може да бидат спречени. Децата кои поминале низ развод на своите родители, се повеќе склони да живеат сами, наместо да склучат брак, како евентуален резултат од нивното искуство. (Wolfinger 348).

[185] Wolfinger, Nicholas H. "Parental Divorce and Offspring Marriage: Early or Late?" Social Forces 82.1 (2003): 337-53. Print.

[186] Мицковиќ, Развод на бракот во современото општество

[187] Elliot, F.B, The Family: Change or Continuity, Macmillan Education, 1986

[188] De Singley, F. Sociologie de la famille contemporaine, Editions Nathan, Paris, 1993

## 2.СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА БРОЈОТ НА РАЗВЕДЕНИ БРАКОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Современите тенденции не ја заобиколуваат ниту нашава држава. Според професорот Ангел Ристов, загрижувачки е фактот што и покрај традиционалните семејни вредности во нашево општество, има зголемување на бројот на разведени бракови кои уште пред неколку години го надмина прагот од 2.000 разведени бракови на годишно ниво. И покрај тоа што во европски рамки спаѓаме во групата на држави со најниска стапка на разведени бракови, сепак, во последниве две децении бројот на разведени бракови кај нас бележи драматичен пораст. Имено, 1995 година имало 710 разведени бракови, во 2005 година 1.552, додека во 2013 година бројот на разведени бракови изнесувал 2.045. За две децении бројот на разведени бракови пораснал за двапати. Брзите разводи од холивудските сценарија станаа реалност и во нашево општество![189]
Бројот на разводи во 2016 година бележи намалување од 9.8 % во споредба со 2015 година и изнесува 1.985 разведени бракови. Бројот на разводите во 2017 година бележи зголемување од 0.5 % во споредба со 2016 година и изнесува 1.994 разведени бракови.[190] Во годините што доаѓаат во нашава држава допрва се очекува уште поголема експанзија на разведени бракови, тврди професорот Ангел Ристов.

## 3.ЗАКЛУЧОК

Оттука станува јасно дека карактерот на современото општество не придонесува за стабилноста на бракот.[191]
Доколку еден здрав брак е услов за секој развој, тогаш треба да се увиди што всушност го прави здрав и кои се факторите кои предизвикуваат бракот да влијае позитивно и врз успешниот развој на општеството.
Со текот на годините, разводот полека стана опција која не беше можна во одреден временски период. Општеството научи како да се справи со разводот и да се прилагоди, така што тоа веќе нема такво негативно влијание. Со ова прифаќање, поединците можат да не го согледаат разводот како закана за општеството, поради фактот што ги менува општествените норми во рамките на една култура, бидејќи негативните ефекти не се исклучиво предизвикани од разводот, верувајќи дека постојат и други фактори кои придонесуваат до тоа. [192]

## ЛИТЕРАТУРА

Ангел Р.,(2016), *Темелна реформа на надлежностите на Центарот за социјална работа,* Академик
Maria R.M (2015), *The Contractualisation of Family Law in Italy,Global perspectives, by Frederik Swennen*, Switzerland Springer International Publishing, 241-254
Lucy S. (2015),*Convention of the Rights of the Child: freedom of expression for children,* The United Nations and Freedom of Expression and Information: Critical perspectives
Paula G. & Katie O.(2016) *Surrogacy, Law and Human Rights*. New York: Routledge
Дејан Мицковиќ, (2002/2003), *Новата концепција на родителското право во Европските земји, ГОДИШНИК на Правниот Факултет ,, Јустинијан Први,, во Скопје*, во чест на Димитар Г.Том 40
Дејан Мицковиќ & Ангел Ристов, (2015), *Семејно Право*, Скопје, Стоби Трејд
Наташа Б. & Сузана Б., (2015), *Анализа на социјалната состојба на децата кои ја загубиле или се изложени на ризик од губење на родителската грижа во градот Скопје*
Законот за заштита на децата, (2015), Консолидиран текст

[189] Ангел Ристов, Нашето семејно законодавство доцни 3-4 децении со современите реформи. Преземено од www.majkaidete.mk (последен пат проверено на 3.5.2018)
[190] Државен завод за статистика, Склучени и разведени бракови во Република Македонија во 2017 година. Види исто: www.makstat.gov.mk
[191] De Singley, F. (ed), La famille en questions, Syros, Paris, 1996
[192] Oglethorpe Journal of Undergraduate Research, Volume 4 Issue 1 Oxford University, Tutorial Papers by Oglethorpe Univeristy, Students Article 1 July 2014, Threatening the Fabric of Our Society: Divorce in Modern Societies Kirsten Glaeser Oglethorpe University. Исто види: https://digitalcommons.kennesaw.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1039&context=ojur